KOMISIONI RREGULLATOR I ENERGJETIKËS,I SHËRBIMEVE
TË UJIT DHE I SHËRBIMEVE TË MENAXHIMIT ME MBETURINAT
KOMUNALE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr. 02-2306/2
13.11 2023 год.-viti
Skopje-Shkup

Врз основа на член 24, став (1), точка 2), алинеја 17 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија" бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 236/22), а постапувајќи по Барањето на Надзорниот одбор на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје, АД МЕПСО Скопје, бр.03-5643/3 од 02 ноември 2023 година, Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 13 ноември 2023 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одобрување на назначување на службеник за усогласеност на АД МЕПСО Скопје

1. Се одобрува назначување на Саша Максимовски за службеник за усогласеност во Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје, АД МЕПСО Скопје.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно член 74, став (2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија" бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 236/22), Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје, АД МЕПСО Скопје на 02 ноември 2023 година со допис бр. 03-5643/3, достави на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) предлог за назначување на Саша Максимовски за службеник за усогласеност во АД МЕПСО Скопје, заведено со бр.12-2306/1 од 3 ноември 2023 година.

Во прилог на дописот, АД МЕПСО Скопје достави Одлука на Надзорниот одбор на АД МЕПСО Скопје бр.02-6481/2 од 02 ноември 2023 година со која се именува д-р Саша Максимовски за службеник за усогласеност во АД МЕПСО Скопје, а која ќе произведе правно дејство по одобрување на назначувањето од страна на Регулаторната комисија за енергетика. Одлуката бр.02-6481/2 од 02 ноември 2023 година е донесена од Надзорниот одбор на АД МЕПСО Скопје по спроведување на конкурс за именување на службеник за усогласеност бр.02-6010/4 од 12 октомври 2023 година. Исто така, во прилог на дописот, АД МЕПСО Скопје достави и кратка биографија и дополнителна документација за Саша Максимовски.

Согласно член 74, став (5) од Законот за енергетика*, Регулаторната комисија за енергетика со Решение бр. 02-1709/1 од 31 август 2018 година ги одобри условите со кои се уредува мандатот и условите за вработување на службеникот за усогласеност, вклучувајќи го и времетраењето на неговиот мандат или вработување, со цел да се обезбедат независноста, како и сите потребни услови за остварување на неговите овластувања и извршување на неговите должности.

На 13 ноември 2023 година Регулаторната комисија за енергетика одржа седница на која го одобри назначувањето на Саша Максимовски за службеник за усогласеност на АД МЕПСО Скопје.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика,**
**водни услуги и услуги за управување со комунален отпад**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**

**бр. 12-2306/2**
**13 ноември 2023 година**
**Скопје**